## Оглас за вработување оператор(к)а на СОС линија АлоБушавко - правна насока

Првата детска амбасада во светот – Меѓаши објавува оглас за вработување на **оператор(к)а на СОС линија за поддршка на деца и млади „АлоБушавко“ - правна насока.**

Оператор(к)ата ќе обезбедува основна правна ориентација и поддршка, и ќе ги насочува корисниците кон соодветни правни служби и институции, по потреба.

Вработувањето е предвидено во рамки на проектот „Безбеден интернет центар во Македонија – *MkSafeNet*“, кој е координиран од Министерството за дигитална трансформација (МДТ), а ко-финансиран од Европската Унија и националните фондови на РСМ.

Проектот ***MkSafeNet*** има за цел воспоставување на **Национален центар за безбеден интернет** во Македонија, следејќи ги европските практики и моделот на постојните центри во регионот. Преку овој проект се адресира недостатокот од ваков ресурс во земјата, со фокус на создавање безбедна дигитална средина за децата, развивање алатки и знаења за одговорно користење на дигитални технологии и обезбедување поддршка за жртвите на сајбер-насилство.

**Позиција: Оператор(к)а на СОС линија за поддршка на деца и млади „АлоБушавко“ - правна насока**

**Број на извршители: 1**

**Опис на работната позиција:**

- Правна поддршка за повиците од деца, адолесценти или лица кои се грижат за децата, родители, старатели, кои бараат или имаат потреба од воспоставување контакт со АлоБушавко;
- Обезбедување правна поддршка кон лицата кои оствариле контакт, преку професионално водење, поддршка при решавање на проблемите кои се од различен вид, како што се семејни конфликти, проблеми во училиште, ситуации кои предизвикуваат стрес, предизвици во дигиталниот свет, насилство и други психолошки или емоционални предизвици;
- Обезбедување поддршка и насочување кон безбедно користење на интернет и справување со онлајн ризиците;
- Обезбедување информации кои се корисни за здравјето, образованието, безбедноста и друго, односно служат за воспоставување врска со надлежни организации/институции и служби, кои професионално работат на посочените теми (здравствени установи, правни субјекти, МВР, Народен правобранител и др.);
- Доверливост и тајност на работата. Сите разговори и информации остануваат доверливи и се третираат согласно етичките и законските стандарди;
- Обезбедува целосна административна и логистичка координација на линијата и редовно известува;
- Комуникација со надлежни институции за решавање на пријавените случаи;
- Комуникација со странки во делот на обезбедување правна помош;

- Истражување на правни проблеми/прашања за потребите на бесплатната правна помош;
- Изготвување извештаи за својата работа;
- Следење и евидентирање на повици, подготовка на месечни, полугодишни и годишни извештаи, како и изработка на месечни работни распореди;
- Соработка со тимот на линијата „АлоБушавко“ и обезбедување соодветна внатрешна поддршка;
- Организирање и спроведување едукативни сесии со деца и млади за теми поврзани со дигитална безбедност и справување со онлајн ризици;
- Континуирано професионално усовршување и активно учество во обуки за подобрување на квалитетот на услугите на линијата за деца и млади „АлоБушавко“.
- Останати работни задачи за потребите на вработените во Детската амбасада Меѓаши.

**Потребни квалификации:**

- Завршен Правен факултет;
- Работно искуство во правната професија од најмалку 3 години;
- Одлично познавање на пишан и говорен англиски јазик (познавање на албански јазик се смета за предност);
- Уредност, темелност и подготвеност за тимска работа;
- Организациски и комуникациски вештини;
- Положен правосуден испит ќе се смета за предност;
- Искуство во граѓански сектор и работа со маргинализирани групи ќе се смета за предност
- Способност за брзо учење и прилагодување на нови технологии и дигитални алатки;
- Основни познавања за онлајн ризици, дигитална писменост и безбедно користење на интернет;
- Подготвеност за работа во сменски распоред (утрински и попладневни смени, вклучително и викенди и празници).

**Кандидатите треба да ги поседуваат следните општи услови:**

- Верување во мисијата и вредностите на организацијата, особено во областа на заштита на правата на децата;
- Мотивација за работа во граѓанска организација која се залага за унапредување на детските права и обезбедување правна поддршка;
- Основно разбирање на домашната и меѓународната правна рамка за заштита на децата (Конвенција за правата на детето, Закон за семејство, Закон за заштита на децата и сл.);
- Способност за пренесување на правни информации на разбирлив начин, особено кон млади корисници и родители;
- Подготвеност за соработка со правни институции и други релевантни служби (ЦСР, МВР, Народен правобранител и сл.);
- Добри комуникациски и презентациски вештини, вклучително и во правен контекст;
- Тимска работа и ефективно справување со чувствителни ситуации во правна и психосоцијална рамка.

**Предност при селекција:**

- Завршено образование од областа на правните науки или претходно искуство во обезбедување правна поддршка ќе се смета за предност;
- Претходно искуство во работа со деца, млади или на слични работни позиции;

- Способност за работа под притисок и во стресни ситуации;
- Изразена способност за тимска соработка и ефективно решавање на проблеми.

**Вид на вработување:**

- Работниот однос ќе биде на определено време, во траење од 3 месеци, со полно работно време (40 часа неделно / 100%), со можност за продолжување.
- Работниот ангажман предвидува договор за работен однос со вклучени придонеси за здравствено и пензиско осигурување, како и основна нето плата во износ од 36.000,00 денари.
- Работа во посветен тим кој активно се грижи за добросостојбата на децата.
- Можности за професионален развој и обуки.
- Пријатна и поддржувачка работна атмосфера.

**Аплицирање:**

Кандидатите треба да достават:

- Работна биографија (CV) со јасен приказ на правното или сродно искуство, особено во областа на заштита на деца, човекови права или социјална правда;
- Мотивациско писмо, во кое ќе ја образложат својата мотивираност за работа на СОС линија, интересот за правна поддршка на деца и ранливи категории, и ќе наведат примери на правна или слична ангажираност (пракса, волонтерство, вклученост во правни иницијативи и сл.);
- Копија од диплома за завршено високо образование, со предност на кандидати од правна насока или сродни општествени науки (право, социјална работа, политички науки, меѓународни односи);
- Копии од сертификати за завршени обуки и/или практична работа поврзани со правна помош, заштита на детски права, семејно право, човекови права и слично (доколку ги поседуваат).

**Како да аплицирате:**

Целокупната документација може да се испрати на електронската адреса info@childrensembassy.org.mk, со назнака:
**„Апликација за работна позиција – Оглас за вработување оператор(к)а на СОС линија АлоБушавко - правна насока“**,
или да се достави лично на следната адреса:
**ул. „Коста Новаковиќ“ бр. 22а, 1000 Скопје**,
во затворено плико, со истата назнака:
**„Апликација за работна позиција – Оглас за вработување оператор(к)а на СОС линија АлоБушавко - правна насока“**

Краен рок за доставување на апликациите е **22.08.2025 година, до 16:00 часот**.

Само кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор и ги исполнуваат условите ќе бидат контактирани за разговор. За останатите кандидати, Детската амбасада – Меѓаши не презема обврска да обезбеди индивидуален одговор.